# ДОПОЛНИТЕЛНА СПОГОДБА КОН СПОГОДБАТА

# ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИ ПРЕКУ ПАУШАЛНИ ПЛАЌАЊА

**СОЈУЗНИОТ МИНИСТЕР ЗА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА**

**и**

**МИНИСТЕРОТ ЗА ЗДРАВСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

се договорија, Спогодбата за надоместување на трошоци преку паушални плаќања, склучена на 28 јуни 2002 година - во натамошниот текст Спогодба, да се измени согласно ДЕЛ III точка 1:

## ЧЛЕН 1

1. ДЕЛ I, точка 1 буква а) од Спогодбата ја има следната содржина:

   а) секој осигуреник осигуран според австриските правни прописи, чии членови на семејството, кои имаат право на надомест, не живеат заедно со осигуреникот во Македонија,

2. Во ДЕЛ I, точка 5 од Спогодбата, се брише последната реченица: „Но тоа важи само во оние случаеви, во кои при задоцнето известување за завршување на правото на сопственост, одговорноста ја презема надлежниот носител на осигурување."

3. ДЕЛ II точка 1 од Спогодбата ја има следната содржина:

   Во случаевите кои се опфатени со член 11 став 3 како и член 13 став 2 и 3 од Спогодбата во однос на местото на живеење,

   трошоците на австриски носители кои помагаат, ќе се надоместуваат во форма на месечен паушален износ за извршените услуги од страна на надлежните македонски носители, односно од Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на следниот начин и тоа:

   а) за секој осигуреник осигуран според македонските правни прописи, чии членови на семејство кои имаат право на надомест не живеат заедно со осигуреникот во Австрија, за месечни побарувања се надоместува само еден паушален износ,

   б) за секој корисник на македонска пензија или барател на пензија кој живее во Австрија, вклучувајќи ги и членовите на неговото семејство кои имаат право на надомест, како и за корисници на пензии на починати пензионери кои живеат во Австрија, на осигуреник осигуран според македонските правни прописи, за месечни побарувања се надоместува еден паушален износ за секој што има право на надомест.

4. ДЕЛ II, точка 2 од Спогодбата ја има следната содржина:

Месечните паушални износи се пресметуваат на годишно ниво:
> За членовите на семејството на осигуреникот, согласно член 94 од директивата (ЕЕЗ) бр. 574/72,
> За корисници на пензија или баратели на пензија, согласно член 95 од директивата (ЕЕЗ) бр. 574/72

при што нема да биде применето намалување на паушалните износи во висина од 20 %, кое е предвидено во рамки на Европската Унија.

Овие износи, за случаи на привремен престој во Македонија на лице наведено во точка 1, ќе бидат намалени за 5 %. Така добиените износи ќе важат како месечни паушални износи за соодветната пресметковна година.

5. ДЕЛ II, точка 4 од Спогодбата се брише.

6. Во ДЕЛ II, точка 5 од Спогодбата се брише последната реченица: „Но тоа важи само во оние случаеви, во кои при задоцнето известување за завршување на правото на сопственост, одговорноста ја презема надлежниот носител на осигурување.“

**ЧЛЕН 2**

Одредбите од член 1 точка 1, 2, 6 како и буква а) од член 1 точка 3 од оваа дополнителна Спогодба влегуваат во сила на 1 јануари 2004 година, додека одредбите од член 1 точка 4 и 5 како и буква б) од член 1 точка 3 од оваа дополнителна Спогодба влегуваат во сила на 1 јануари 2002 година.

Склучена во Скопје на 1. Oktober 2008 година, во два оригинални примерока, секој на македонски и на германски јазик, при што и двата текста се автентични.

| Сојузен министер за социјална сигурност и заштита на потрошувачите на Република Австрија: | Министер за здравство на Република Македонија: |
| --- | --- |
| Alois KRAUT m.p. | Bujar OSMANI m.p. |


| REPUBLIK ÖSTERREICH BUNDESKANZLERAMT AMTSSIGNATUR | | |
| --- | --- | --- |
| | Unterzeichner | serialNumber=1026761,CN=Bundeskanzleramt,C=AT |
| | Datum/Zeit | 2017-11-27T17:04:57+01:00 |
| | Prüfinformation | Informationen zur Prüfung des elektronischen Siegels bzw. der elektronischen Signatur finden Sie unter: https://www.signaturpruefung.gv.at Informationen zur Prüfung des Ausdrucks finden Sie unter: https://www.bka.gv.at/verifizierung |
| | Hinweis | Dieses Dokument wurde amtssigniert. |